Република Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-563/1
07.07. 2017 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 50 став 1 точка од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) а во врска со Одлуката од Советот на Општина Пробиштип бр. 26-527 од 23.06.2017 година (Службен гласник на општина Пробиштип бр.59/2017), Градоначалникот на Општина Пробиштип ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За спроведување постапка за издавање под закуп на локации за поставување на штандови и тезги за време не одрежување на „Probistip Summer Festival" 2017 по пат на усно јавно наддавање**

Член 1

Да се спроведе постапка за издавање под закуп на локации за поставување на штандови и тезги за време на одржувањето на Probistip Summer Festival 2015 по пат на усно јавно наддавање, на градскиот пазар во Пробиштип и тоа за следните локации

| Р.бр. | Опис<br>Локации за поставување на штандов во покриениот дел од градскиот пазар во Пробиштип | Почетна цена | Праг за наддавање |
|---|---|---|---|
| 1 | Локација бр.1 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 2 | Локација бр.2 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 3 | Локација бр.3 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 4 | Локација бр.4 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 5 | Локација бр.5 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 6 | Локација бр.6 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 7 | Локација бр.7 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |

| Р.бр. | Опис<br>Локации за поставување на штандов во отворениот дел од градскиот пазар во Пробиштип | Почетна цена | Праг за наддавање |
|---|---|---|---|
| 8 | Локација бр.8 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |
| 9 | Локација бр.9 Според скица која е во прилог на одлуката. | 20.000 денари | 500 денари |

| Р.бр. | Опис<br>Локации за поставување на тезги на градскиот пазар во Пробиштип | Почетна цена | Праг за наддавање |
|---|---|---|---|
| 1 | Локација бр.1 Според скица која е во прилог на одлуката. | 1. 000 денари | 500 денари |
| 2 | Локација бр.2Според скица која е во прилог на одлуката. | 1.000 денари | 500 денари |

**Член 3**

Постигнатата цена на закупнина ќе се пресметува и плаќа во рок од 3 дена по завршувањето на усното јавно наддавање

Времетраењето на закупот е 3 дена за време на одржувањето на Probistip Summer Festival 2017 односно за деновите 26,27 и 28 јули 2017 година

**Член 4**

За спроведување на постапката за јавно наддавање се формира Комисија за јавно наддавање која се состои од претседател , двајца членови и нивни замници и тоа од редот на вработените: Радослав Илиевски-Претседател, Невенка Нотевска-заменик претседател, Мише Милановски -член , Валентина Ангеловска - заменик член Миле Митрев-Член, Бобан Стојмировски-заменик член.

**Член 5**

За учество на јавниот повик секој понудувач е должен да уплати депозит во висина од 50% од утврдената почетна цена за закуп.

Депозитот се уплаќа на депозитна сметка во рамките на трезорската сметка или на благајната, најдоцна еден час пред часот утврден за јавното наддавање.

**Член 6**

Наддавањето да се изврши доколку во оставениот рок има најмалку еден пријавен кандида, во спротивно наддавањето да се повтори.

Јавното наддавање да се спроведе на ден 17.07.2017 година (понеделник) со почеток во 12,00 часот во салата на Општина Пробиштип.

**Член 7**

Со избраните понудувачи ќе се склучи Договор за закуп во рок од 3 дена од спроведеното јавно наддавање во кој ке се дефинираат поблиските права и обрски на договорните странки,

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во на огласна табла, на локалните медиуми и на веб страната на општина Пробиштип.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Тони Тоневски